Врз основа на член 37-н од Законот за јавни претпријатија; член 6 став 2 од Законот за вработени во јавен сектор и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерен оглас за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги на ЈСП СКОПЈЕ, а во врска со **Одлуката бр. 02-606/1 од 27.04.2022 година за објавување интерен оглас за унапредување**

ЈСП СКОПЈЕ – објавува
ИНТЕРЕН ОГЛАС

ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ ц.о. NDËRMARRJA QARKULLUESE PUBLIKE "SHKUP" p.p. Бр. 04-606/1-1 27-04-2022 год. СКОПЈЕ-SHKUP

I. Се утврдува потреба за унапредување.

1. КДР0305Б02116 Возач на автобус во јавен превоз во Оддел за јавен превоз, Одделение за сообраќај – Секор автобаза Авкомантода (2) извршители

- Стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование, со најмалку две години работно искуство во струката;
- Возачка дозвола Д категорија
- Комуникативност, коректност, способност за решавање конфликти;
- Распоред на работно време во смени, од 05,00 – 11,00; 11,00 - 17,00; 17,00 – 23,00; 23,00 – 05,00 часот.
- Неделно работно време – 40 работни часа

| **2.Сектор автобаза Автокоманда** | |
|---|---|
| **2.1. Одделение за сообраќај** | |
| **2.1.1. Оддел за јавен превоз** | |
| Реден број и шифра | **57. КДР0305Б02116** |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | **Возач на автобус во јавен превоз** |
| Број на извршители | 320 |
| Вид на образование | средно образование |
| Други посебни услови | Возачки испит Д категорија |
| Работни цели | Ефикасно и квалитетно управување со автобус во јавен превоз |
| Работни задачи | - го превзема автобусот со сообраќајната документација и опрема и врши визуелна проверка на исправноста на автобусот и неговите уреди и агрегати;<br>- управува со автобусот по утврдената траса и возниот ред во градскиот и приградскиот сообраќај, со почитување на законските прописи од областа на безбедноста на сообраќајот;<br>- одговорен е за управување и чување на автобусот и опремата со внимание на добар домаќин, и за секој откриен дефект на автобусот, оштетена или исчезната опрема должен е веднаш писмено да пријави кај претоставениот, воочените неисправности на автобусот ги внесува во картонот и ги пријавува кај дефектолог или сменоводител;<br>- води грижа за правилна валидација на билетот на патниците, во случај на неисправна валидација го известува уредно да ја валидира или да го напушти автобусот, во спротивно го известува одделението за контрола на билети;<br>- наплатува билети на патниците согласно технологијата на наплата и работа на претпријатието, за наплатениот билет на патникот издава фискална сметка, а прометот од продажбата го предава во билетара; |

| | |
|---|---|
| | - ја прати техничката исправност на автобусот, за неисправноста го известува ОКЦ, по извршената дијагностика или интервеција, постапува по насоките на ОКЦ;<br>- ги спроведува насоките од ОКЦ, го известува за гранки, ударни дупки, оштетувања и други проблеми на мрежата на линија, одговара на секоја писмена или аудио порака;<br>- при влез со автобусот во автобазата го полни со гориво, уредно го паркира на определеното паркинг место, го обезбедува од само движење и кражба на опремата внатре во автобусот, одговара на претпријатието за причинета штета на автобусот и опремата;<br>- врши работни задачи соодветни на неговото работно место по налог на претпоставениот. |
| Одговара пред | Раководител на одделение за сообраќај |

Со пријавите по огласот кандидатите треба да достават:

- Кратка биографија (CV)

II. Огласот трае 3 (три) работни дена од денот на објавувањето на огласот.

III. Изборот ќе се изврши во рок од 5 (пет) дена од денот на завршување на огласот.

IV. Некомплетните и ненавремено доставени пријави нема да се земаат во предвид при разгледувањето.

V. Пријавитте со бараната документација да се достави во архивата на ЈСП СКОПЈЕ на бул. Александар Македонски бр. 10, Скопје контакт телефон 3174264 лице за контакт Коста Поповски.